Друштво за производство, трговија и занаетчиство
БОКИ СИМПЛ ТЕК СОЛУШНС ДОО
Бр. 07-23/2
28.07 2023 год.
СКОПЈЕ

ООУ Ѓорѓија Пулевски

# ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ„

Бул. Јане Сандански бр.27А ,Скопје
тел. 2444-415 071/258 - 439
ou-gjorgjijapulevski-aerodrom@schools.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 03-450/1
28.07. 2023 год.
Општина Аеродром-Скопје

# ДОГОВОР
## ЗА НАБАВКА НА СМАРТ ТАБЛИ
## за потребите на ООУ„Ѓорѓија Пулевски„-Општина Аеродром

**Склучен на ден** 28.07. **2023 година.**

## I. СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ

1. ***ДОГОВОРЕН ОРГАН:*** **ООУ „Ѓорѓија Пулевски " Општина Аеродром-Скопје** со седиште на Бул. „Јане Сандански" бр.27А ,ЕДБ 4030983180303 застапувано од **Директорот Марјан Јовановски**, (во понатамошен текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. ***НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:*** **Друштво за производство, трговија и занаетчиство БОКИ СИМПЛ ТЕК СОЛУШНС ДОО Скопје**, со седиште на адреса бул.Видое Смилевски Бато" бр.7 лок. 9 ,ЕМБС 4552822, ЕДБ 4030992155834 застапувано од **Лидија Младеновска,** (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на **СМАРТ табли** за потребите на Договорниот орган, по вид и количина определени во спецификацијата кон тендерската документација од прифатената понуда, која е составен дел на овој договор.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди врз основа на стварно испорачаните стоки, но не повеќе од **150.000,00 денари без вклучен ДДВ.**

Единечните цени од спецификацијата од став 1 на овој член се цени во кои се пресметани сите транспортни трошоци, монтажа, царина и инсталација на стоките.

Единечните цени по позиција се утврдени во техничката понуда на Носителот на набавката и истите се утврдени како фиксни односно непроменливи за целиот период на важноста на Договорот.

**IV.РАЗЛИКА ВО ЦЕНА**

Член 3

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат непроменети за целото времетраење на Договорот.
.

**V.НАЧИН ,УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 4

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши вирмански .

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши во рок од **60 дена** од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

Прилог на фактурата е уредно потпишана испратница од овластени лица од двете страни.

**VI.НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА**

Член 5

Испораката на стоките, предмет на овој Договор, Носителот на набавката е должен да го испорача на следниов начин – еднократно, на барање на договорниот орган, по доставен писмен налог за порачка од страна на договорниот орган, во рок од 3 дена од денот на доставеното барање.

Во случај на доцнење со испорака на стоките, предмет на овој Договор, од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна-пенали во висина од 2% од вредноста на договорот за секој ден задоцнување.

Договорната казна се определува во висина од 2% од вредноста на прифатената понуда за секој ден задоцнување при што потребно е веднаш Договорниот орган да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна –пенали.

Во случај на неиспорачување на стоките во рокот определен во став 5 на овој член, Договорниот орган на Носителот на набавката ќе му достави писмено известување за испорака на стоките предмет на овој Договор во дополнителено оставен рок од 2 дена. Доколку Носителот на набавката и во дополнително оставениот рок од 2 дена, не ги испорача стоките предмет на овој договор,

Договорниот орган има право да го раскине договорот за набавка и испорака на стоки со проста изјава за раскинување на Договорот, како и право на договорна казна.

Член 6

Носителот на набавката е должен стоките од овој договор да ги испорача и монтира на следниов начин: Франко до ООУ „Ѓорѓија Пулевски„ бул. ,,Јане Сандански“ 27А - Општина Аеродром, Скопје

Испораката на стоките се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

## VII.КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 7

Квалитативен и квантитативен прием на стоките од член 1 предмет на овој договор го врши Договорниот орган, со документ (испратница), потпишана и заверена од двете договорни страни.

Член 8

Носителот на набавката е должен да испорача и инсталира стоки со квалитет согласно спецификацијата составен дел од овој Договор, македонските страндарди кои се во согласнот со европските и меѓународни стандарди и согласно декларациите на стоките предмет на овој Договор.

Член 9

Во случај на неисправност, недостаток на стоките предмет на овој Договор или несоодветност на спецификацијата составен дел на овој Договор , Договорниот орган е должен веднаш да ги пријави кај Носителот на набавката.

Договорниот орган има право поради неисправнот, недостаток на стоките или несоодветност со спецификацијата, составен дел на овој Договор, по свој избор да бара:

- Намалување на продажната цена за 20%;
- Замена на стоките со соодветна стока со иста трговска марка, тип или индустриски дизајн или ознака за потекло за географска ознака на стоката предмет на овој Договор;
- Раскинување на договорот и надомест на штетата;

## VIII.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРО

## IX. ВИША СИЛА

Член 10

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да биде одговорна кон другата за губиоток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај настанување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## X.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор , договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено.

Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје .

## XI.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Член 13

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски на другата страна го раскинува Договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

## XII.КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој Договор.

## XIII.ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 15

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат непосредно одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и други соодветни законски и подзаконски акти и прописи на Република Северна Македонија.

## XIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 17

Договорните страни се согласни за се што не е предвиено со овој Договор да важат позитивните законски прописи и стандарди за вршење на ваков вид на набавки.

Член 18

Договорот е важечки од денот на неговото потпишување од двете договорни страни се до истекот на неговото времетраење.

Член 19

Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци, по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Договорен орган

Директор
Марјан Јовановски
ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,,

Носител на набавката

Управител:
Лидија Младеновска
БОКИ СИМПЛ ТЕК СОЛУШНС
ДОО Скопје

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број **12575/2023** објавен од страна на ООУ Ѓорѓија Пулевски Скопје, за набавка на смарт табли , со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1.Име на понудувачот: Боки Симпл Тек Солушнс ДОО Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: бул. Видое Смилевски Бато бр.7 лок.9
- Телефон: 076/243-943
- Факс: /
- Е-пошта: info@sts.mk

- Лице за контакт: Борис Младеновски

I.3. Одговорно лице: Лидија Маденовска

I.4. Даночен број: MK4030992155834

I.5. Матичен  број: 4552822

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки:

| 1 | **СМАРТ ТАБЛА** | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Големина на табла мин. 85 инчи до макс. 87 инчи<br>▪ Надворешни димензии на табла со рамка минимум 1900x1050мм<br>▪ Внатрешни димензии на таблата мин. 1850x1050мм<br>▪ Големина на ефективна работна површина мин. 1750x1000мм<br>▪ Соодноc на слика: 16:9<br>▪ Прецизност: <2mm<br>▪ Резолуција минимум 32768x32768<br>▪ Копчиња за брз пристап од двете страни на таблата минумум 20 од секоја страна<br>▪ Мулти-допир функција (мин. 10 допири)<br>▪ Препознавање на гестови<br>▪ Инфраред технологија | парче | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Челична работна површина<br>▪ Да е отпорна на оштетувања и лесна за одржување<br>▪ Можност за поврзување со компјутер со USB 1.1, USB 2.0 или USB 3.0<br>▪ Подржани оперативни системи: Windows Vista, Windows 7,Windows 8.1,Windows 10, Linux, Mac.<br>▪ Додатоци: интерактивни пенакла, телескопски покажувач, бришач, усб кабел, софтвер.<br>▪ Гаранција минимум 2 години | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2** | **Монтажа на СМАРТ табла и подесување на посточеки проектор** | | |
| | ▪ Демонтажа на постоечка табла.<br>▪ Поставување на СМАРТ табла на ѕид.<br>▪ Поставување на демонтирана табла.<br>▪ Подесување на посточеки проектор, доколку е потребно истиот да се демонтира и монтира на соодветна позиција<br>▪ Инсталација на софтвер.<br>▪ Пуштање во функција со обука за користење | парче | 4 |

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1.
**Финансиска понуда**

| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Опис** | **Единечна мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ (4*5)** | **ДДВ (5%/18 %)** | **Вкупна цена со ДДВ (6+7)** |
| 1 | Смарт табла | Парче | 4 | 34.000 | 136.000 | 6.800 | 142.800 |
| 2 | Монтажа на СМАРТ табла и подесување на посточеки проектор | Парче | 4 | 1.000 | 4.000 | 1.180 | 5.180 |
| | **Вкупна цена** | | | | 140.000 | 7.980 | 147.980 |

Вкупната цена на нашата понуда , вклучувајќи ги сите трошоци и попусти,без ДДВ, изнесува: 140.000,00 [со бројки] (сточетириесетилјади) денари. [со букви]

Вкупниот износ на ДДВ изнесува: 7.980,00 [со бројки] односно (седумилјадиведетстотинииосумдесет) денари. [со букви]

Односно вкупен износ со ДДВ: 147.980,00 [со бројки] односно (сточетириесетиседумилјадидеветстотинииосумдесет) денари. [со букви]

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 19.07.2023

Lidija Mladenovska

Digitally signed by Lidija Mladenovska
DN: C=MK, OU=VAT - 4030992155834, OID.2.5.4.97=NTRMK-4552822, O=BOKI SIMPL TEK SOLUSHNS DOO SKOPJE, SERIALNUMBER=167932, T=upravitel, SN=Mladenovska, G=Lidija, CN=Lidija Mladenovska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.07.19 09:18:26 +02'00'
Foxit PDF Editor Version: 2023.1.0

Одговорно лице

Лидија Младеновска
име и презиме

БОКИ СИМПЛ ТЕК СОЛУШНС ДОО
Друштво за производство, трговија и занаетчиство * СКОПЈЕ *

_______________________
(потпис)*

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице